ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА
# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ
# ЗА 2020 ГОДИНА НА
# АПЕЛАЦИОНЕН СУД СКОПЈЕ

## СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ (603)

**01 2021 05 07/1**

**Скопје, декември 2021**

# С О Д Р Ж И Н А

| Опис | Страна |
|---|---|


| | |
|---|---|
| КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР | 1 - 15 |
| Финансиски извештаи за 2020 година: | |
| Биланс на приходи и расходи | 16 |
| Биланс на состојба | 17 |
| Преглед на промени на извори на капиталните средства | 18 |
| Сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи | |
| - Вовед | 19 - 20 |
| - Сметководствени политики | 20 - 22 |
| - Образложенија кон финансиските извештаи | 22 - 28 |


**Прилози:**


Прилог 1 – Преглед на спроведени препораки по конечен извештај на ОДР за извршена ревизија на извршена е ревизија на финансиските извештаи на Апелационен суд Скопје на сметката на основниот буџет (603) за 2014 година, заедно со ревизија на усогласеност

Кратенки користени во извештајот:

РМ – Република Македонија
РСМ - Република Северна Македонија
АБМС- Автоматизиран буџетски менаџмент систем

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

**Број:** 14-166/13

**Дата:** 07.12.2021

## КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

### Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Апелационен суд Скопје на сметката на основниот буџет (603) за 2020 година.

За финансиските извештаи на Апелационен суд Скопје за 2020 година изразивме мислење без резерва за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи, како и за усогласеноста со законската регулатива, упатства и воспоставени политики.

Извршена е ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Апелационен суд Скопје на сметката на основниот буџет (603) за 2014 година и изразено е мислење со резерва во однос на вистинито и објективно прикажување на финансиските извештаи и за усогласеноста на финансиските трансакции со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставените политики.

Со ревизијата беше опфатено и спроведувањето на препораките дадени во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за наведената ревизија, при што е утврдено дека четири препораки се спроведени и две препораки се делумно спроведени.

Со извршената ревизија на финансиските извештаи за 2020 година, заедно со ревизија на усогласеност, констатиравме одредени состојби, од кои како позначајни ги истакнуваме следните:

- не се применуваат во целост пишаните интерни процедури за редовна и целосна сметководствена контрола;

- неевидентирани обврски кои се однесуваат на известувачкиот период, односно во периодот кога настанале и
- нецелосно спроведен попис на обврските.

За констатираните состојби дадени се препораки, со цел преземање мерки за надминување на истите.

Во делот на Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет обелоденети се состојби кои се однесуваат за:

- судски спорови во тек во кои тужена страна е Апелационен суд Скопје, по основ на покренати тужби од судии за неисплатени средства за додатоци на плата во изминатите години согласно Законот за плати на судиите, во вкупен износ од 1.241 илјади денари;
- во 2020 година намален е бројот на примени предмети за 26% во однос на претходната година, сепак останува значаен бројот на нерешени предмети од 35% во годината;
- во претходни години, како и во тековната година утврдивме дека не се исполнува законски утврдениот минимален процент за обезбедување на средства од 0,8 % од бруто домашниот производ за Судски буџет. За 2020 година е одобрен на 0,3% од законски утврдениот минимум, но и како резултат на вонредната состојба предизвикана од пандемијата од вирусот Ковид-19, со измените и дополнувањата на буџетот во текот на 2020 година извршено е негово намалување;
- потреба од измени и дополнување на модулот за пресметка на плата со цел отстранување на неправилностите во делот на пресметката на додатокот за работно искуство кај судската полиција и нивно прилагодување на законските прописи;
- за 2020 година не се врши оценување на судските службеници и на припадниците на судската полиција, како резултат на ненавремено донесени интерни акти од страна на Министерството за правда, кое е започнато во 2021 година;
- спроведени корекции кои предизвикаа намалување во активата и пасивата на Билансот на состојба, за износ од 1.204 илјади денари и
- состојбата со преземените мерки и активности за справување со пандемијата Ковид-19 во насока на заштита на вработените и непречено функционирање на судот.

Во делот на Останати прашања истакнуваме одредени системски слабости кои се однесуваат на различно уредување на начинот на пресметка на работното искуство со одредбите на Законот за платите на судиите и Законот за судската служба, за секоја наврешена година работен стаж.

Од страна на одговорното лице на субјектот не се добиени забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

# 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страните од 19 до 21 заедно со ревизија на усогласеност на Апелационен суд Скопје на сметката на основен буџет (603), кои се состојат од биланс на состојба на ден 31 декември, биланс на приходи и расходи за 2020 година и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2021 година согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Согласно Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија извршена е ревизија на финансиските извештаи на Апелационен суд Скопје на сметката на основниот буџет (603) за 2014 година, заедно со ревизија на усогласеност и изразено е мислење со резерва во однос на вистинито и објективно прикажување на финансиските извештаи и за усогласеноста на финансиските трансакции со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставените политики.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај, се одговорност на раководството на Апелационен суд Скопје застапувано од:

- Лидија Димчевска, претседател од 30.10.2018 година.

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

1.5. Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1., врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и

информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски доказ за тоа дали приходите и трошоците се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и проценка на ризикот од неусогласеност.

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI). Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

## 2. Цели, заснованост и период на вршење на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Северна Македонија и со прифатени и спроведени извесни корекции од страна на субјектот, како резултат на утврдени погрешни прикажувања.

2.3. Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 26.05.2021 до 29.07.2021 година, кај Апелационен суд Скопје, од тим на Државниот завод за ревизија во состав:

- Бљерта Ганиу, помошник на главниот државен ревизор (по овластување) и овластен државен ревизор;
- Наташа Нинеска, самостоен ревизор и овластен државен ревизор;
- Халит Рамадани, виш ревизор;
- м-р Маја Михајлов, ревизор и
- м-р Самире Бислими Сулејмани, помлад ревизор.

## 3. Осврт на ревизијата од претходната година – спроведување на препораките

Извршена е ревизија на спроведување на препораките презентирани во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор број 10-133/9 од 04.08.2015 година за извршената ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност за 2014 година на Апелационен Суд Скопје. Од содржината на презентираните податоци во Прилог бр. 1, ревизијата констатира дека од вкупно шест дадени препораки, четири препораки се спроведени и две делумно спроведени.

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на Апелационен суд Скопје, одржан на ден 29.07.2021 година.

Од страна на одговорното лице на субјектот не се добиени забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

**Констатирани се следните состојби:**

### 4.1. Внатрешни контроли

4.1.1. При оценка на системот на внатрешни контроли во процесот на плаќање, со цел да се утврди дали истите се дизајнирани и функционираат согласно Законот за јавна внатрешна финансиска контрола, како и поради нивното влијание на реалното и објективно презентирање на финансиските извештаи

и усогласување на работењето со законите и другите прописи, ревизијата констатира дека се донесени пишани процедури за движење на влезна и излезна документација, упатство за материјално финансиско работење, план за архивски знаци, во кои се пропишани процесите, активностите и контролите на прием, проверка и исплата на фактурите, евидентирање на налозите и движење на друга сметководствена документација. Исто така донесените интерни процедури се ажурираат и во рамки на ИСО 9001:2015 сертификатот.

Ревизијата констатира дека во текот на 2020 година не се применуваат во целост пишаните интерни процедури за редовна и целосна сметководствена контрола со верификација на целокупната документација по која се врши плаќање и евиденција во деловните книги. Причина за настанатата состојба е непополнетост на работните места во Одделението за материјално финансиско работење, од предвидени 5 работни места во 2020 година пополнети се 2, благајник и финансов сметководител. Работното место Раководител на одделение за материјално финансиско работење не е пополнето од август 2019 година.

Ваквата состојба довела до нефункционален систем на внатрешни контроли и нецелосна примена на интерните процедури, што допринесува за несоодветно евидентирање на обврските настанати заклучно со 31.12.2020 година, образложено во точката 4.2.

Работното место раководител на одделение за материјално – финансиско работење, кое врши контрола во процесот на плаќање, прием, тек на документацијата, евидентирање во деловните книги е полнето во мај 2021 година[1], како и работното место - економ, со што бројот на пополнети работни места изнесува 4 од предвидени 5 работни места.

**Препорака**

Одговорното лице да продолжи со започнатите активности за целосна примена на интерните процедури и функционирање на системот на внатрешни контроли.

## 4.2. Финансиски извештаи

4.2.1. На позицијата Обврски спрема добавувачите, со состојба 31.12.2020 година е искажано салдо од 103 илјади денари. Со извршената анализа, детални тестирања, како и анализа на пописниот материјал, се констатира следното:

- Со извршениот увид во сметководствената евиденција заклучно со 31.12.2020 година, не се евидентирани обврски во вкупен износ од 823 илјади денари кои се однесуваат за извршени работи и услуги за

[1] Решение број Су-04-25/21 од 17.05.2021 година

месеците ноември и декември 2020 година. Истите се евидентирани и платени во 2021 година;

- Извршен е годишен попис на средствата, побарувањата и обврските и изготвен Извештај за извршен попис[2] и донесено Решение за усвојување на извештајот за попис[3]. Од извршениот попис на обврските евидентирани на сметката 603, изработена е Пописна листа[4] со преглед на обврските, но не се извршени во целост активности предвидени со точка 5.5.3 од Процедурата за попис[5], со која е предвидено пописот на обврските се врши според состојбата во сметководството, преку проверка и потврдување на реалноста со искажаните износи. Пописот на обврските е извршен со превземање на состојбата од сметководствената евиденција на салдо по комитенти и не е утврден правниот основ за постоење на обврските, не се потврдени уредно, хронолошки, целосно со сметководствената евиденција, согласно член 31-в од Правилник за сметководството за буџетите и буџетските корисници.

Ваквиот начин на евидентирање на обврските не е во согласност со член 7 став 2 и член 12 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и има за ефект нереално искажување на краткорочните финансиски обврски во финансиските извештаи.

**Препорака**

Одговорното лица во Апелационен суд Скопје да преземат мерки и активности за:

- редовно и навремено евидентирањето на обврските спрема добавувачите во деловните книги во периодот на нивното настанување и
- целосна примена на регулативата и интерните правила за вршење попис на обврските од страна на пописната комисија за утврдување на правниот основ, потеклото, старосната структура и причините за неизмирените обврски.

**Основ за изразување на мислење**

Вкупен ефект од изнесените наоди, кои се основ за изразување мислење, во точката 4.2. се однесуваат на состојбите за нецелосен попис на обврски, неевидентирани обврски кои се однесуваат на известувачкиот период.

[2] Број Су-03-36/2021-2 од 16.04.2021 година
[3] Број Су 03-36/21 од 27.05.2021 година
[4] Број Су-03-36/2021
[5] Број Су-03-296/15-23 од 11.05.2016 година

## 5. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиски извештаи

Според наше мислење, финансиските извештаи ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Апелационен суд Скопје на ден 31 декември 2020 година како и резултатите на финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска рамка.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Апелационен суд Скопје, во сите материјални аспекти се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 6. Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет

6.1. Во Апелациониот суд Скопје, во тек се две судски постапки во кои Судот се јавува како тужена страна од страна на двајца вработени судии за неисплатени додатоци на плата согласно Законот за плати на судиите за период од 2016-2018 година, во вкупен износ од 1.241 илјада денари.
Бидејќи станува збор за судски постапки што се водат пред надлежните судови и до денот на ревизијата конечниот исход од истите не е познат, постои неизвесност за финансиските импликации на буџетот на Апелациониот суд Скопје во иднина.

6.2. Врз основа на Законот за управување со движењето на предметите во судовите[6] од страна на претседателот на судот за 2020 и 2021 година формирано е работно тело за управување со движењето на предметите во Апелационен суд Скопје[7]. Работното тело за 2020 и 2021 година има изготвено Годишен план за управување со движењето на предметите и спречување на создавање и намалување на заостатокот на нерешени предмети и застојот на движењето на предметите во судот[8] и внатрешни процедури при управување со движењето на предметите.
Со примена на планот и внатрешните процедури Апелациониот суд Скопје треба да постигне одредени цели и тоа:

[6] Службен весник на РСМ бр.42/2020 година
[7] Одлука број СУ-03-59/20 од 24.01.2020 година и Одлука број СУ-03-19/21 од 20.01.2021 година
[8] СУ-59/20-2 од 27.01.2020 година и СУ-03-19/21-3 од 27.01.2021 година

- управување со движењето на предметите во судот преку користење на автоматизиран компјутерски систем за управување со судски предмети;
- почитување на законските рокови за преземање на процесни дејствија, законските рокови за донесување, изготвување и објавување на судските одлуки и роковите определени со Законот за управување со движењето на предметите во судовите;
- спречување на застој во движењето на судските предмети и
- спречување на создавање на заостаток на нерешени судски предмети и појава на стари предмети.

Ревизијата изврши анализа на бројот на нерешени предмети[9] од претходни години, ново примени, решени и останати нерешени судски предмети за периодот 2018-2020 година кои се прикажани во следниот графикон.




| | 2018 година | 2019 година | 2020 година |
|---|---|---|---|
| Број на решени во однос на вкупен број | 63% | 61% | 65% |
| Број на останати во однос на вкупен број | 37% | 39% | 35% |

[9] Годишни извештаи за работењето на Апелационен суд Скопје во за период 2018-2020 година

Поволниот соодносна решени во однос на нерешени во 2020 година, се должи на намален број на прилив на нови предмети во текот на 2020 година кој е за 26% намален во однос на претходната година. Бројот на нерешени предмети на почетокот на трите години предмет на анализа бележи тренд на зголемување, при што на крајот на 31.12.2020 година има значајно намалување и пад на зголемување трендот на нерешени предмети.

Во однос на состојбата и движењето на предметите по оддели, дадена во графиконот подолу, во однос на судските предмети на нерешени ново примени, решени и останати нерешени за 2020 година, кај сите се јавува остаток на нерешени предмети особено кај кривичниот оддел што се должи на зголемен број ново примени прекршочни предмети.




Намалување на состојбата со предмети во 2020 година се должи на пандемијата од вирусот Ковид-19, бидејќи во одредени периоди поради следење на препораките и начинот на организирање на работењето на судот (детално образложено во точка 6.6), се решавале само предмети од итност согласно Одлуката[10] за постапување на судовите во РСМ во услови на зголемена опасност од вирусот Ковид - 19 донесена од Судски совет на РСМ.

Исто така непополнетиот број на утврдени судии за Апелациониот суд Скопје има влијание на состојбата со решавање на судските предмети. Имено, судиската функција во текот на 2020 година утврдено е да ја вршат претседател и 51 судија, при што судот ја започнал годината со 37 судии, вклучувајќи го и претседателот на судот, при што во текот на годината овој број варира за да на крајот на годината бројката

[10] Број 02-606/1 од 17.03.2020 година

изнесува 41 судија, вклучувајќи го и претседателот на Судот, додека во текот на ревизијата односно состојбата во јули 2021 година е 40 судии.
Во насока да се намали бројот на нерешени предмети и навремено решавање на предметите и ажурно работење на судот постои потреба за навремено пополнување на предвидениот број на судии во Апелационен суд Скопје.

6.3. Со одредбите на член 108 од Законот за судовите[11] е утврдено дека средствата за работа на судовите се обезбедуваат со Судскиот буџет, како посебен дел на Буџетот на Република Македонија, означен како „Судска власт“. Постапката за изготвување, утврдување и извршување на судскиот буџет е уредена со одредбите на Законот за судскиот буџет[12]. Согласно Законот за судскиот буџет, делот на средствата за „Судска власт“ во Буџетот на РСМ, се утврдува на износ најмалку 0,8% од бруто домашниот производ и во случај на ребаланс на Буџетот, утврдениот износ не може да се намалува. Во 2020 година буџетот на „Судска власт“ е утврден во износ 2.163.400 илјади денари, што претставува околу 0,3% од бруто домашниот производ и претставува значително помал од законски утврдениот лимит.
Исто така, во член 4 од Законот за судскиот буџет е уредено дека во случај на ребаланс на буџетот не може да се намалуваат средствата наменети за финансирање на судската власт, но како резултат на вонредната состојба предизвикана од пандемијата од вирусот Ковид-19, со измените и дополнувањата на буџетот за 2020 година извршено е намалување на одобрениот буџет за Судска власт во износ од 243.050 илјади денари.
Со извршените ревизии во претходни години, како и во тековната година утврдивме дека ваквата законска одредба во континуитет не се исполнува, односно средствата кои се издвојуваат од Буџетот на РСМ за финансирање на Судската власт не го достигнуваат законски утврдениот процент, ниту се земаат во предвид при утврдување на максималните износи на расходи од страна на Владата на РСМ, во рамки на кои треба да се подготви буџетот за Судската власт.

6.4. Согласно Законот за судска служба, работното искуство на вработените во судска полиција се вреднува во износ од 0,5% во делот на основната плата со која се вреднува образованието и додатокот на плата за звање, за секоја навршена година работен стаж, а најмногу до 20%. Исклучителната компонента како составен дел на платата, а која се однесува на додатоците на платата за посебни услови за работа, не се вреднува во основицата за пресметување на додатокот за минат труд. Ревизијата утврди дека во модулот за внесување и обработка на податоци за пресметка на плата при Автоматизираниот буџетски менаџмент систем во основицата за пресметка на додатокот за минат труд е вклучена и вредноста на исклучителната компонента, како што е уредено со член 128 став 4 од Законот за

[11] Службен весник на РМ бр. 58/06, 62/06, 35/08,150/10 и 39/12
[12] Службен весник на РМ бр. 60/03, 37/06, 103/08 и 145/10

судска служба и има влијание на расходите по основ на исплата на платата на вработените.

Истакнуваме дека администрирањето на системот за автоматска обработка на податоците – АБМС се врши на ниво на судска власт во стручната служба на Судскиот буџетски совет, поради што ревизијата смета дека е потребно преземање на активности за известување на Судски буџетски совет за измени и дополнување на модулот за пресметка на плата со цел отстранување на наведените состојби и нивно усогласување со законските прописи.

6.5. Согласно Законот за судска служба во судовите се воспоставува систем за управување со ефектот на судските службеници и судската полиција, кој се состои од: утврдување на работните цели и задачи, утврдување на индивидуалниот план за стручно усовршување, како и постапката за оценување на ефектот на судските службеници и судската полиција. Согласно член 39 и 44 од истиот Закон службениците имаат право на кариерно напредување, односно преминување од работно место на пониско ниво/ звање, на работно место на повисоко ниво/ звање преку спроведување на интерен оглас. Формата и содржината на интерниот оглас, формата, содржината и начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивното бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција, во зависност од категоријата на работно место за кое е објавен интерниот оглас, ги пропишува министерот за правда. Од друга страна согласно член 87 и член 124 од Законот за судска служба, предвидено е судските службеници и припадниците на судската полиција задолжително да се оценуваат еднаш годишно, со што би се обезбедило континуирано следење на работењето на судските службеници во текот на целата година и по потреба предлагање на мерки за подобрување, а воедно е и еден од условите за унапредување во кариерата. Формата и содржината на образецот за оценување, како и формата и содржината на извештајот од оценувањето ги пропишува министерот за правда.

Во 2020 година, како и за претходната година не е спроведеното оценување на судските службеници и судската полиција, поради задоцнето носење на подзаконските акти, правилници[13] кои се донесени во ноември 2020 година, со што е утврдена рамката за начинот на спроведување на полугодишното интервју, формата и содржината на извештајот, како и за формата и содржината на

[13] Правилник за формата и содржината на интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување и начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција во зависност од категоријата на работно место за кое е објавен интерниот оглас и Правилник за начинот на спроведување на полугодишното интервју, формата и содржината на извештајот, начинот на оценување на судскиот службеник, формата и содржината на обрасците за оценување, формата и содржината на извештајот со ранг листа на годишни оценки, како и содржината на извештаите и начинот на оценување на судските службеници во други околности, Службен весник на РСМ број 275/2020

интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на оценување на судскиот службеник, со што е создадена можност за остварување на правото на кариерно унапредување на вработените.

Во текот на 2021 година од страна на одговорните во Апелациониот суд Скопје и согласно утврдените временски рамки во правилниците, спроведено е полугодишно интервју за континуирано следење на ефектот на судските службеници и преземени се мерки за обезбедување на услови за спроведување на годишното оценување, кое се очекува да заврши во октомври 2021 година.

6.6. Во услови на пандемија предизвикана од вирусот Ковид -19, по Известување од Судски буџетски совет на РСМ[14] со кое се повикуваат сите претседатели на судови да ги почитуваа владините препораки[15] во врска со преземање на дополнителни мерки и активности за превенција од ширење на вирусот, како и Соопштение од Судски буџетски совет на РСМ[16] со насоки за организирање на работата и судовите, Апелациониот суд Скопје има преземено повеќе активности во насока на заштита на здравјето на вработените и граѓаните на РСМ, како и за непречено функционирање на работењето на судот.

Имено, по добиеното Известување и Соопштение од Судски буџетски совет на РСМ, Претседателот на Апелациониот суд има донесено повеќе наредби[17] и соопштенија со кои се регулира работното време и движењето на вработените надвор од судската зграда, се регулира паркирањето на возилата, приемот на странки и мерките кои се преземаат за заштита при самиот влез на странките и на вработените, одложени се јавни расправи кои биле закажани во периодот на вонредната состојба, а одредени вработени согласно препораките на Владата на РСМ се упатувани и на задолжителна работа од дома.

Во однос на организирање на работењето на Судот, од страна на Претседателот донесено е и Упатство за начинот на работа на Апелационен суд Скопје за време на

[14] бр.03-551/1 од 11.03.2020 година
[15] Извадок од Нацрт-записникот од петнаесетта седница на Владата на РСМ одржана на 10.03.2020 бр.44-2147/1 од 10.03.2020 година
[16] бр.02-569/2 од 12.3.2020 година
[17] Наредба СУ-03-192/20 од 12.03.2020 година за забрана за паркирање на службени и приватни возила на сите вработени помеѓу службениот влез, влезот кон гаражата и сервисната улица;
Наредба СУ-03 -192/20-2 од 12.03.2020 година за регулирање на работното време и движењето на вработените надвор од судската зграда;
Наредба СУ-03-192/20-3 од 12.03.2020 година со која се регулира влезот на странките во судската зграда, од аспект на нивно редуцирање и преземање на заштитни мерки за дезинфекција при влез;
Наредба СУ-03-193/20-2 од 12.03.2020 година со која припадниците на судската полиција се задолжуваат да ја мерат телесната температура на сите вработени и странки;
Наредба СУ-03-237/20 од 07.04.2020 година со која претседателката на Судот и заменик претседателот на Судот се упатуваат на задолжителна работа од дома поради тоа што местото на живеење им е надвор од подрачјето на градот Скопје, со назначување на нивни привремени заменици;
Наредба СУ-239/20 од 07.04.2020 година за регулирање на работното време и регулирање на автоматската распределба на предметите.

прогласена вонредна состојба[18] со кое се регулира начинот на постапување на вработените во Апелационен суд Скопје во услови на прогласена вонредна состојба, како и се изготвуваат распореди со кои се обезбедува почитување на систем на ротација на вработените и судиите кој овозможува непречено извршување на функцијата на судот и воедно заштита на здравјето на вработените.



Покрај преземените мерки за непречено функционирање на Судот и извршување на неговата функција, преземени се мерки за да обезбедат превентивна здравствена заштита за вработените и странките, при што набавени се заштитни средства во вкупна вредност 61 илјада денари, кои се однесуваат на визири, заштитни маски и топломери, како и средства за дезинфекција добиени преку Врховен суд на РСМ.

Во насока на функционирање на судот и безбедно одржување на судските рочишта и одржување на дистанца, а согласно препораките и мерките на Владата на РСМ, набавени се плексиглас прегради за масите во судниците во кои се одржуваат рочиштата.

Со цел изразување солидарност во справување со кризата, а по Препорака од Судски буџетски совет на РСМ за донирање на дел на платите на судиите за месеците април и мај 2020 година[19], судиите од Апелациониот суд Скопје во Фондот за помош и поддршка за справување со кризата предизвикана од корона вирусот Ковид -19, имаат донирано средства од платата за месец април 2020 година во вкупен износ од 478 илјади денари.

6.7. Во текот на ревизијата од страна на Апелационен суд Скопје прифатена и спроведена е корекција дадена од Државниот завод за ревизија, која предизвика промени на активата и пасивата во финансискиот извештај - Биланс на состојба во вкупен износ од 1.024 илјади денари. Корекцијата е спроведена во налог за книжење број 25-1 од 25.06.2021 година. Спроведените корекции на секоја позиција поодделно, детално се прикажани во делот Образложенија кон финансиските извештаи.

[18] СУ-03-222/20 од 23.03.2020 година
[19] СУ-03-270/20 од 18.05.2020 година

## 7. Останати прашања

7.1. Согласно член 100 од Законот за судовите и член 2 од Законот за судска служба, судската служба ја сочинуваат судските службеници, лицата вработени во судовите кои вршат технички и помошни работи и судската полиција. Во член 3 став 2 од Законот за судската служба уредено е дека вработените во судовите кои вршат технички и помошни работи немаат статус на судски службеници и за нив важат Законот за вработените во јавниот сектор и општите прописи за работни односи. Висината на платите и другите надоместоци на судските службеници и другите вработени во судовите се определуваат со закон и со колективен договор согласно член 109 од Законот за судовите. Системот на плата и надоместоци на плата на судските службеници е утврден со одредбите на Законот за судска служба. Согласно член 78 од Законот за судска служба пропишано е дека платите на вработените кои вршат технички и помошни работи во судовите се во рамките на платите утврдени за административно - техничките судски службеници во зависност од степенот на образованието, работното место на кое се распоредени, согласно актот за систематизација и работното искуство, без притоа да се уреди начинот на утврдување на платите на оваа категорија на вработени лица. Отсуството на одредби за утврдување на платите на вработените во судовите кои вршат технички и помошни работи, предизвикува разноликост во пресметувањето и висината на платите на оваа категорија на вработени.

За надминување на утврдената состојба Судскиот буџетски совет во соработка со надлежното министерство потребно е да преземе активности за иницирање на измени и дополнување на законските и подзаконските акти и утврдување на критериуми за пресметка на платата на лицата вработени во судовите кои вршат технички и помошни работи.

Со извршениот увид во законската регулатива која го регулира работењето на судовите и начинот на пресметка на платата на судиите, вработените во судската служба и судската полиција, ревизијата утврди дека додатокот за работно искуство се вреднува на различен начин при пресметка на платите на судиите и судските службеници. Имено, со одредбите на Законот за платите на судиите, процентот на работното искуство се пресметува за секоја започната година на работен стаж, додека кај судските службеници согласно одредбите од Законот за судската служба, за секоја наврешена година работен стаж.

Имајќи ги во предвид наведените одредби со кои се уредува начинот на вреднување на додатокот за работно искуство, а кои предизвикуваат различно уредување на исти права на вработените во иста институција, ревизијата смета за потребно надлежните институции да преземат мерки и активности за усогласување на Законите кои го регулираат ова прашање.

## АПЕЛАЦИОНЕН СУД СКОПЈЕ

## Сметка на основен буџет (603)

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2020 година

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2020 | 2019 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1.1. | 113.708 | 116.102 |
| **Вкупно приходи** | | **113.708** | **116.102** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати и надоместоци | 3.2.1. | 96.166 | 91.893 |
| Стоки и услуги | 3.2.2. | 9.681 | 10.846 |
| Субвенции и трансфери | 3.2.3. | 866 | 9.662 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **106.713** | **112.401** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | 3.3.1. | 6.995 | 3.701 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **6.995** | **3.701** |
| **Вкупно расходи** | | **113.708** | **116.102** |

## АПЕЛАЦИОНЕН СУД СКОПЈЕ

## Сметка на основен буџет (603)

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2020 | 2019 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Побарувања од вработените | 4.1.1. | 8 | 0 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.2. | 8.108 | 8.991 |
| Залихи | 4.1.3. | 11 | 0 |
| **Вкупно тековни средства** | | **8.127** | **8.991** |
| **Постојани средства** | | | |
| Материјални средства | 4.2.1. | 51.513 | 40.069 |
| **Вкупно постојани средства** | | **51.513** | **40.069** |
| **Вкупна актива** | | 59.640 | 49.060 |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1. | 103 | 1.024 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.3.2. | 8.005 | 7.967 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.3.3. | 8 | 0 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **8.116** | **8.991** |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.4.1. | 51.524 | 40.069 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **51.524** | **40.069** |
| **Вкупна пасива** | | **59.640** | **49.060** |

Образложенијата се составен дел на финансиските извештаи

**АПЕЛАЦИОНЕН СУД СКОПЈЕ**
**Сметка на основен буџет (603)**

## ПРЕГЛЕД
## НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2020 ГОДИНА

**во 000 денари**

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2020 година** | **40.069** | **-** | **40.069** |
| **Зголемување по основ на:** | **14.544** | **711** | **15.255** |
| Набавки | 12.545 | 711 | 13.256 |
| Инвестиции во тек-градежни објекти опрема и др. | - | | - |
| Ревалоризација на капитални средства | 1.999 | | 1.999 |
| **Намалување по основ на:** | **3.100** | **700** | **3.800** |
| Амортизација | 3.100 | 700 | 3.800 |
| **Состојба 31.12.2020 година** | **51.513** | **11** | **51.524** |

## 1. ВОВЕД

1.1. Апелационите судови се основаат за подрачјето на повеќе судови од прв степен определени со закон, и тоа апелационите судови во Скопје, Битола, Гостивар и Штип. Апелационен суд во Скопје се основа за подрачјето на основните судови во Велес, Гевгелија, Кавадарци, Кратово, Крива Паланка, Куманово, Неготино, Скопје I и Скопје II.
Апелационен суд Скопје своите надлежности ги извршува согласно Закон за судовите, Закон за судска служба, Закон за судски совет, Закон за судски буџет, Закон за судските такси, Закон за прекршоците, Закон за управување со движење на предметите во судовите, Закон за платите на судиите и други подзаконски акти. Субјектот предмет на ревизија има својство на правно лице, со седиште на адреса бул. „Крсте Мисирков“ број 6, кај Судска палата во Скопје.

1.2. Апелациониот суд Скопје, како и останатите апелациони судови во РСМ ги има следните надлежности:

- да решава по жалбите против одлуките на основните судови од своето подрачје;
- да решава за судир на надлежност меѓу судовите од прв степен од своето подрачје и
- да врши други работи определени со закон.

Работата од својата надлежност утврдена со Уставот и законите, Апелациониот суд Скопје ја извршува преку совети од три и петмина судии.
Расправите во граѓанските спорови, како и во кривичните предмети се судат во совет составен од двајца судии и тројца судии поротници, а во постапките по предметите за деца советот е составен од еден судија и двајца судии поротници.

1.3. Средствата за редовно работење на Апелационен суд Скопје се обезбедуваат преку Судскиот буџетски совет, во рамки на "Судска власт" како посебен дел од Буџетот на РСМ, раздел 29010 – Судска власт, програма 20 - судска администрација, по единки корисници - судовите и судскиот совет на РСМ и Академија за судови и јавни обвинители.

1.4. Согласно Законот за судовите, судската функција ја вршат судии кои се избираат без ограничување на траење на мандатот од страна на Судскиот совет на РСМ под услови и во постапката утврдени со закон. Претседател на суд се избира од редот на судиите кои имаат најмалку шест години непрекинат судиски стаж во суд од ист или повисок степен, за време од четири години, со право на уште еден избор во суд од ист степен. Претседателот на судот има статус и функција на прв судија меѓу еднаквите на соодветниот суд.

Согласно Одлуката донесена од страна на Судски совет на РМ[1], бројот на судиите на Апелациониот суд Скопје е определен на 52 судии, од кој за 2020 година избрани се 41, вклучувајќи го и претседателот на судот.

Внатрешната организација на Судот е уредена со Правилник за внатрешна организација и систематизација, согласно која систематизирани се 234 работни места за судски службеници, судска полиција и помошно - технички работи, од кои 111 работни мест се пополнети заклучно со 31.12.2020 година.

1.5. Со Одлука[2] за избор на претседател на Апелационен суд Скопје донесена од страна на Судскиот совет на РСМ, за претседател е именувана е Лидија Димчевска. Со Годишниот распоред за работа[3] на судските совети за 2020 година, судијата м-р Сафет Кадри е определен да го заменува претседателот на судот во негово отсуство, а со измена и дополнение на Годишниот распоред за работа[4], судијата Енвер Беџети е определен да го заменува претседателот на судот во негово отсуство.

1.6. Овластени за располагање со паричните срдетсва на сметката на основен буџет 290100061260310 на Апелационен суд Скопје во текот на 2020 година се :

1. Лидија Димчевска, претседател на Судот, од 02.04.2018 година,
2. Сафет Кадри, заменик претседател, од 02.04.2018 година до 20.08.2020 година,
3. Јани Нича, судија од 02.04.2018 година до 20.08.2020 година,
4. Енвер Беџети, судија, заменик претседател, од 20.08.2020 година,
5. Мери Дика Георгиевска, судија, претседател на трговски оддел и претседател совет, од 20.08.2020 година.

## 2. СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ

### Признавање на приходи и расходи

2.1. Признавањето на приходите и другите приливи кај Апелационен суд Скопје – сметка на основен буџет (603) во Билансот на приходи и расходи се спроведува според сметководствените начела на парично искажување (готовинско основа) во периодот во кој настанале и се наплатени до 31 Декември во тековната фискална година, според критериумот на мерливост и расположливост.

[1] Службен весник на РМ бр.213/2015
[2] Број 08 – 1463/1 од 30.10.2018 година
[3] Број СУ – 03 – 750/2019 од 26.12.2019 година
[4] Број СУ – 03 - 750/19 – 3 од 17.03.2020 година

2.2. Проценети приходи во Билансот на приходи и расходи се приходите остварени по видови и извори согласно Законот за буџетите и Правилникот за класификација на приходите.

2.3. Расходите и другите одливи во билансот на приходи и расходи се признаваат според сметководствените начела на парично искажување, во пресметковниот период во износ во кој е извршено плаќањето.

2.4. Проценетите расходи во Билансот на приходи и расходи се извршените расходи согласно Законот за буџетите и Правилникот за класификација на расходите.

2.5. Расходите ако не се извршени до денот на нивната пристигна тост за плаќање се искажуваат како активни временски разграничувања.

**Проценување на билансните позиции**

2.6. Апелационен суд Скопје – сметка на основен буџет (603) води посебно сметководство за средствата од буџетот, по системот на двојно сметководство, а според распоредот на сметките од световниот план на буџетските корисници.

2.7. Паричните средства на сметките и во благајните во домашна валута се проценуваат според нивниот номинален износ, а во странска валута по курсот на Народната банка на Република Северна Македонија на денот на билансирањето.

2.8. Побарувањата и обврските се признаваат во висина на номиналната вредност искажани во сметководствени документ според договорените износи.

2.9. Долгорочните средства чија поединечна вредност во моментот на набавката е пониска од 300 ЕВРА во денарска противвредност се класифицираат како ситен инвентар и се отпишуваат еднократно во целина при набавката.

**Амортизација и ревалоризација**

2.10. Корисниот век на употреба односно отписот на вредноста на нематеријалните и материјални средства се спроведува со примена на годишните стапки за отпис согласно Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници со праволиниска метода на отпис.

2.11. Основицата за отпис (пресметување на амортизација) се коригира за последователните издатоци со кои се подобрува состојбата на средствата над неговиот корисен век на употреба, односно за вложувањата поради реконструкција, адаптација или други вложувања со кои се зголемува корисниот век на употреба, капацитетот и функционалната способност.

2.12. За износот на пресметаната амортизација се намалуваат нематеријалните и материјалните средствата и изворите на средствата.

2.13. Материјалните средства се амортизираат од првиот ден на наредниот месец откога тие средства почнале да се користат за вршење дејноста. Нематеријалните средства се амортизираат од првиот ден на наредниот месец откога тие средства се спремни за употреба.

2.14. Нематеријалните и материјалните средства се ревалоризира ат со индексот на пораст на цените на производителите на индустриски производи. Ревалоризација та се врши на крајот на годината (годишна ревалоризација) и во текот на годината за вложувањата на средствата за расходуваните, продадените

или на друг начин отуѓени средства со индексот на кумулативниот пораст на цените на производителите на индустриски производи на денот на отуѓување на средствата.

2.15. Изворите на средства во билансот на состојба кај Апелационен суд Скопје – сметка на основен буџет (603) се проценуваат според утврдената вредност на стекнатиот:

- Државен - јавен капитал (постојани материјални и нематеријални средства);
- Останат капитал (залихите на материјалите, резервните делови, ситен инвентар, и хартии од вредност).

## 3. БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ

### 3.1. Приходи

#### 3.1.1. Трансфери и донации

Во Билансот на приходи и расходи на Апелационен суд Скопје во 2020 година се искажани приходи во вкупен износ од 113.708 иљади денари ( 2019 – 116.102 иљади денари), по основ на трансфери на средства од Буџетот на РСМ, раздел Судска власт преку Судски буџетски совет.

### 3.2. Тековни расходи

#### 3.2.1. Плати, наемнини и надоместоци

Оваа позиција е проценета во висина на исплатените средства за: основните плати на судии, судски службеници, помошно технички персонал и судска полиција, додатоци на плата за судиите за посебни услови за работа, постоење на висок ризик

и доверливост, плата за прекувремена работа и за работа на ноќна смена, персоналниот данок на личен доход од плата, основни придонеси за ПИО, основни придонеси за здравство, основен придонес за професионално заболување, основни придонеси до Агенцијата за вработување.

во 000 денари

| Опис | 2020 | 2019 |
|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 |
| Плати и надоместоци | 69.281 | 66.661 |
| Придонеси за социјално осигурување | 26.885 | 25.232 |
| Надоместоци | 0 | 0 |
| **Вкупно:** | **96.166** | **91.893** |

### 3.2.2. Стоки и услуги

Оваа позиција е проценета во висина на исплатените износи од 9.681 илјади денари (2019 – 10.846 илјади денари), за средства кои се обезбедени од Буџетот на РСМ согласно одредбите од Законот за буџетите, и тоа по следните основи:

- патни и дневни расходи, кои опфаќаат патни расходи за патување во земјата.
- комунални услуги, греење, комуникација и транспорт кои опфаќаат расходи за: електрична енергија, водовод и канализација, ѓубретарина, централно греење, пошта, телефон и телефакс, горива и масла, регистрација на моторни возила и транспорт на луѓе;
- материјали и ситен инвентар, кои опфаќаат расходи за: канцелариски материјали, списанија, весници и други изданија за користење од страна на вработените, униформи и обувки, средства за одржување на хигиена , ситен инвентар и други материјали;
- поправки и тековно одржување кои опфаќаат расходи за: поправки и сервисирање на лесни возила (вклучително резервни делови и гуми), одржување на згради, дезинфекција, поправка и одржување на софтверска и хардверска опрема, поправка и одржување на друга опрема.
- договорни услуги кои опфаќаат расходи за: изнајмување на простор, осигурување на недвижности и права, осигурување на моторни возила, правни услуги, судски преведувачи и други договорни услуги.

- други тековни расходи, кои опфаќаат: расходи за репрезентација, семинари и конференции, објавување на огласи и други оперативни расходи.

во 000 денари

| Опис | 2020 | 2019 |
|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 |
| Патни и дневни расходи | 1 | 8 |
| Комунални услуги, греење, комуникација и транспор | 6.346 | 7.701 |
| Материјали и ситен инвентар | 846 | 818 |
| Поправки и тековно одржување | 283 | 442 |
| Договорни услуги | 2.077 | 1.786 |
| Други тековни расходи | 128 | 91 |

### 3.2.3. Субвенции и трансфери

Оваа позиција е проценета во висина на исплатените износи за средства од 866 илјади денари (2019 – 9.662 илјади денари) кои се обезбедени од Буџетот на РСМ согласно одредбите од Законот за буџетите, по следните основи:

- разни трансфери кои опфаќаат: трансфери при пензионирање и други трансфери и
- исплата по извршни исправи и тоа: главен долг по извршни исправи, камата и трошоци по извршни исправи.

во 000 денари

| Опис | 2020 | 2019 |
|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 |
| Разни трансфери | 315 | 0 |
| Исплата по извршни исправи | 551 | 9.662 |
| **Вкупно:** | **866** | **9.662** |

## 3.3. Капитални расходи

### 3.3.1. Капитални расходи

Оваа позиција е проценета во висина на исплатените износи од 6.995 илјади денари (2019 – 3.701 илјади денари) и бележи зголемување по основ на реконструкција на

објектот во кој е сместен Апелационен суд Скопје, набавка на систем за видео надзор и безбедносен детектор за влез во објект.

во 000 денари

| Опис | 2020 | 2019 |
|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 |
| Купување на опрема и машини | 595 | 1701 |
| Градежни објекти | 6.400 | 0 |
| Купување на возила | 0 | 2.000 |
| **Вкупно:** | **6.995** | **3.701** |

# 4. БИЛАНС НА СОСТОЈБА

## Актива

### 4.1. Тековни средства

#### 4.1.1. Побарувања од вработените

Оваа позиција е проценета во висина на вкупен износ од 8 илјади денари и се однесува за подгнат аванс од вработен за службени потреби на крајот на 2019 година.

#### 4.1.2. Активни временски разграничувања

Оваа позиција е проценета во висина на вкупен износ од 8.108 илјади денари ( 2019 8.991 илјади денари) и се однесува на вкалкулиран и неисплатена плата за месец декември 2020 година во износ од 8.005 илјади денари и вкалкулирани и неисплатени обврски кон добавувачи во земјата во износ од 103 илјади денари.

Во текот на ревизијата во сметководствената евиденција на Апелационен суд Скопје прифатена и извршена е корекција на позицијата Краткорочни обврски спрема добавувачите и Активни временски разграничувања, за износ од 1.024 илјади денари, поради двојно евидентиран почетен налог на пренесени обврски во 2020 година од претходната. Корекцијата дадена од Државниор завод за ревизија предизвика промени намалување на активата и пасивата во финансискиот извештај - Биланс на состојба, за износ од 1.024 илјади денари состојба 31.12.2020 година. Корекцијата е спроведена во налог за книжење број 25-1 од 25.06.2021 година.

#### 4.1.3. Залихи

Оваа позиција е проценета во вкупен износ од 11 илјади денари и се однесува на материјали на залиха.

## 4.2. Постојани средства

### 4.2.1. Материјални средства

Оваа позиција е проценета во висина од 51.513 илјади денари ( 2019 – 40.069 илјади денари), а се однесува на вредноста на зградата во која е сместен судот, опремата и други материјални средства намалени за пресметаната амортизација.

Стапките на амортизација на материјалните средства се дадени во следната табела:

| ОПИС | **Применети стапки во 2020** |
|---|---|
| Згради и останати градби од бетон | 1% |
| Компјутери и принтери | 20% |
| Апарати и друга опрема за чистење и одржување на простории | 20% |
| Канцелариски мебел – дрво | 12% |
| Канцелариски мебел и друг вид на опрема | 10% |
| Клима уреди и опрема за вентилација | 16% |
| Магнетофони, ТВ, Радио, Телефони, Факсови и телефонски централи | 14% |
| Специјална опрема електронска | 20% |
| Патнички Автомобили | 15% |

Состојбата и промените на материјалните средства, се прикажани аналитички по групи во следната табела:

**ПРОМЕНИ КАЈ ПОСТОЈАНИТЕ СРЕДСТВА ВО 2020 ГОДИНА**

во 000 денари

| ОПИС | Градежни објекти | Опрема | Други средства | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|
| | 1 | 2 | 3 | 4=од 1 до 3 |
| **Набавна или ревалоризирана вредност** | | | | |
| **Состојба на ден 01 Јануари 2020** | **52.305** | **51.682** | **1.078** | **105.065** |
| Набавки во текот на годината | 10.131 | 2.414 | | **12.545** |
| Пренос од средства во подготовка | | | | **-** |
| **Вкупни зголемувања:** | **10.131** | **2.414** | - | **12.545** |
| **Вкупно намалување** | - | - | - | - |
| Ревалоризација | 1.034 | 946 | 19 | **1.999** |
| **Состојба на ден 31. Декември 2020** | **63.470** | **55.042** | **1.097** | **119.609** |
| **Исправка на вредност** | | | | |
| **Состојба на ден 01 Јануари 2020** | | **64.996** | | **64.996** |
| Амортизација за тековната година | 931 | 2.149 | 20 | **3.100** |
| **Состојба на ден 31.Декември 2020** | **931** | **67.145** | **20** | **68.096** |
| | | | | |
| **НЕОТПИШАНА ВРЕДНОСТ НА КАПИТАЛНИ СРЕДСТВА 31.12.2020** | **62.539** | **(12.103)** | **1.077** | **51.513** |
| | | | | |
| **НЕОТПИШАНА ВРЕДНОСТ НА КАПИТАЛНИ СРЕДСТВА 31.12.2019** | **52.305** | **(13.314)** | **1.078** | **40.069** |

## Пасива

### 4.3. Тековни обврски

#### 4.3.1. Краткорочни обврски спрема добавувачи

Оваа позиција е проценета во вкупен износ од 103 илјади денари (2019 – 1.024 илјади денари) и се однесува на неподмирени обврски спрема добавувачите за набавка на стоки и услуги.

За потврдување на позицијата на обврските кон добавувачите искажани на сметката на основен буџет 603 и врз основа на меѓународните стандарди за ревизија 500-Ревизорски докази и 505-Екстерни конфирмации, во текот на ревизијата беа испратени конфирмации заради усогласување на обврските искажани во билансните позиции. Од вкупно испратените 9 конфирмации до комитенти, кои опфаќаат 88% од вкупно искажаните обврски на Апелационен суд Скопје. До денот

на вршење на ревизијата добиени се одговори од 7 комитенти, од кои 2 ја потврдуваат состојбата, а 5 не се усогласени за износ од 563 илјади денари.

Во текот на ревизијата во сметководствената евиденција на Апелационен суд Скопје прифатена и извршена е корекција на позицијата Краткорочни обврски спрема добавувачите и Активни временски разграничувања, за износ од 1.024 илјади денари, поради двојно евидентиран почетен налог на пренесени обврски во 2020 година од претходната. Корекцијата дадена од Државниор завод за ревизија предизвика промени намалување на активата и пасивата во финансискиот извештај - Биланс на состојба, за износ од 1.024 илјади денари состојба 31.12.2020 година. Корекцијата е спроведена во налог за книжење број 25-1 од 25.06.2021 година.

#### 4.3.2. Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработени

На позицијата Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените во износ од 8.005 илјади денари (2019 – 7.967 денари) се искажани пресметаните, а неисплатени плати за месец декември 2020 година.

#### 4.3.3. Пасивни временски разграничувања

Оваа позиција е проценета во вкупен износ од 8 илјади денари и истата кореспондира со состојбата на сметка Побарувања од вработените.

### 4.4. Извори на средства

#### 4.4.1. Извори на капитални средства

Проценетата вредност на оваа позиција на ден 31.12.2020 година е во висина на номиналната вредност на државниот капитал во износ од 51.524 илјади денари (2019 година - 40.069 илјади денари), а се однесува на државниот јавен капитал и останатиот капитал на залихи на материјали. Состојбата на изворите на капитални средства на крајот на годината е усогласена со сегашната вредност на позициите Постојани средства, други средства и непокриени расходи и залиха на материјали.

# Преглед на резултатите

**од преземените мерки од страна на субјектот предмет на ревизија, во врска со утврдените состојби и дадените препораки содржани во конечниот извештај на овластениот државен ревизор број 10-133/9 од 04.08.2015 година за извршената ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност за 2014 година на Апелационен Суд Скопје**

| Препорака број | Врска со наодот од КИ | Содржина на препораката | Статус на препораката* | Преземени мерки | Коментар на ревизорот |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| 1 | 4.1.1. | Одговорното лице на Апелациониот суд Скопје да превземе мерки и активности за донесување на процедури за процесот на плаќање, за ажурна и хронолошка евиденција во деловните книги и воспостави целосен систем на внатрешни контроли. | ДС | Процедура за циркулација на влезна и излезна документација, број Су-05-12/15 од 15.04.2015 и Упатство за материјално финансово работење број Су-15 - 12/2015/-1 од 15.04.2015 година, дополнителни процедури Внесување на обврски, број Су-03-557/18-40 од 04.02.2019 година и Внесување и книжење на извод, број Су-03-296/15-10 од 03.03.2016 година, во кои се пропишани процесот, активностите и контролите на | Донесени се интерни процедури кои се ажурираат и проверуваат периодично. Во текот на 2020 година во дел има отстапки од целосна примена и контрола на документацијата поради непополнетост на работното место, од август 2019 година, раководител на одделение за |

*Ревизорски тим:*

1. ______________
2. ______________

*Овластен државен ревизор*

______________

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | прием, проверка и исплата на фактурите, евидентирање на налозите и циркулација на друга сметководствена документација. | материјално – финансиско работење. Пополнето е во мај 2021 година, со Решение број Су-04-25/21 од 17.05.2021 година, со што се преземаат мерки и активности за целосна примена на пишаните процедури и функционирање на воспоставениот систем на внатрешните контроли во целост. |
| 2 | 4.2.1. | Раководителот на субјектот во соработка со надлежните институции да продолжи со отпочнатите мерки и активности за уредување на имотно правните односи за зградата и земјиштето на судот. | СП | Одлука на Влада на РМ за давање на трајно користење на недвижни ствари на Апелационен суд Скопје, број 42-13117/1-15 од 26.01.2016 година.<br>Одлука на Влада на РМ за давање на трајно користење на недвижни ствари на Основен суд Скопје II. | |

*Ревизорски тим:*

1. ____________
2. ____________

*Овластен државен ревизор*

____________

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Врз основа на одлуките упишани се правата и извршена измена и дополна на Имотен лист 9283 во Агенција за катастар за недвижности за имотот и земјиштето, број 1105-23341/2016 од 12.02.2016 година. Во деловните книги во февруари 2016 година намален е износот на вредноста на зградата за 6,82% соодветно на процентот од површината која е пренесена во сопственост на Основен суд Скопје II. | |
| 3 | 4.2.2. | Одговорното лице да преземе мерки и активности за целосна имплементација на интерно донесеното Упатство за вршење попис, од страна на лицата задолжени за спроведување на пописот, вршење целосен и сеопфатен попис, поставување на инвентарни броеви на опремата, изработка на пописни листи и извештај од извршениот попис со | ДС | Од страна на пописната комисија за вршење попис со состојба на 31.12.2020 година извршен е годишен попис на средствата, побарувањата и обврските и изготвен Извештај за извршен попис број Су-03-36/2021-2 од 16.04.2021 година и Решение за усвојување на | Со извршениот попис Изработена е пописна листа на побарувања и обврски, број Су-03-36/21, на побарувањата и обврските, но не се извршени во целост активности предвидени со Процедурата за попис и член 31-в од |

*Ревизорски тим:*

1. ____________
2. ____________



*Овластен државен ревизор*

____________

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | сите потребни податоци. | | извештајот за попис број Су 03-36/21 од 27.05.2021 година.<br>Извршен е попис на опремата, поставени инвентарни броеви, изготвени Пописни листи на основни средства прилог на извештајот, Пописна листа на канцелариски материјал и Пописна листа на ситен инвентар, Пописна листа на оружје и опрема, Пописна листа на побарувања и обврски, број Су-03-36/2021,<br>Извршен попис на библиотека со пописот состојба 31.12.2019 година. | Правилник за сметководството за буџетите и буџетските корисници. Пописот на побарувањата и обврските е извршен со потврда на состојбата во сметководствената евиденција на салдо по комитенти и не е извршена проверка и потврдување на реалноста на искажаните износи. Имено, не се извршени следните работи:<br>- не е утврдена правната основа за постоење на побарувањата и обврските;<br>- ненаплатените побарувања и преземените обврски не се потврдени |

*Ревизорски тим:*

1. ____________
2. ____________

*Овластен државен ревизор*

____________

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | уредно, хронолошки, целосно со сметководствената евиденција;<br>- не е потврдено дали и какви мерки се преземени во текот на 2020 година за наплата на побарувањата кои потекнуваат од минати години. |
| 4 | 4.2.3. | Раководителот на субјектот во соработка со надлежните органи да продолжи со отпочнатите активности за склучување на договори со корисниците на деловниот простор, додека во склучените договори за закуп да се содржани одредби за сразмерно плаќање на трошоци за комунални услуги во зависност со површината која што ја користат. | СП | Договор за регулирање на начинот на разграничување и сразмерно плаќање на трошоците за комунални услуги со Основен суд Скопје II, број Су -03-136/16 од 09.03.2016 година.-136/16 од 09.03.2016 година.<br>Одлука на Влада на РМ за давање под закуп на недвижна ствар, број 44-8270/1 од 25.09.2018 година. | |
| 5 | 4.2.4. | Раководителот на субјектот да превземе мерки и активности за | СП | Упатство за материјално финансово работење број Су-15 - | Со процедурите се пропишани политики и |

*Ревизорски тим:*

1. ______________
2. ______________

*Овластен државен ревизор*

______________

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | донесување, усвојување и примена на процедури и сметководствени политики за евидентирање на залихите на ситен инвентар во употреба; целосна, правилна и навремена сметководствена евиденција и пренесување на податоците од рачната евиденција во модулот за материјална евиденција на ситниот инвентар во употреба. | | 12/2015/-1 од 15.04.2015 година и Упатсво за воедначување на сметководственото работење во единките корисници на судската власт, број 02-41414 од 03.04.2014 година. | процедури за начинот на евидентирање, за искачување на залихите на ситен инвентар и евидентирање кои се применуваат.<br>Извршен попис на ситен инвентар за 2020 година, усогласена материјална евиденција, модул АБМС во функција. |
| 6 | 4.3.1. | Одговорното лице да ги преземе следните мерки и активности:<br>- целосна имплементација на Интерното упатство за начинот на организирање и спроведување на јавните набавки;<br>- вршење навремена објава на евиденцијата на постапките кои се со барање на прибирање на понуди;<br>- доставување изјави за непостоење на судир на интереси од страна на сите членови на комисијата за јавна | СП | Упатство за јавни набавки број Су-03-200/15 од 23.04.2015 година, со измени и дополни број Су-03.89/16 од 02.02.2016 година.<br>Донесени нови процедури за спроведување на постапките за јавни набавки, набавки без примена на ЗЈН и постапки за групна набавка, согласно новиот ЗЈН, број Су-03-544/18-13, 44 и 45 од 31.05.2019 година. | Закон за јавни набавки Сл. весник на РСМ број 24/2019 година, набавките со вредност под вредносните прагови се внесуваат во квартална евиденција на ЕСЈН, се води редовна евиденција за постапките во електронска форма во евидентна книга ЕСЈН, |

*Ревизорски тим:*

1. ____________
2. ____________

*Овластен државен ревизор*

____________

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | набавка и<br>- вршење соодветно архивско евидентирање на сите донесени акти во текот на постапката за јавни набавки. | | Ажурирање на Процедура за начинот и постапка на планирање, спроведување и реализација на набавките, број Су-03-561/20-29 од 25.02.2021 година. | се поднесуваат Изјави за непостоење на судир на интереси од страна на членовите на комисијата и одговорното лице, документите кои се носат од одговорното лице се евидентираат, документацијата е електронска во досие во ЕСЈН за секоја постапка соодветно. |

*СП-спроведена, ДС- делумно спроведена, ВТ- во тек, НС- не спроведена, НП- не применлива

*Ревизорски тим:*

1. ________________
2. ________________

*Овластен државен ревизор*

________________